| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Новогодишни радости |
| **Содржина на денот** | Што сакам да ми донесе Дедо Мраз |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Валентина Драгшиќ |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Како се однесуваме пред јадење,миење на раце,разговори за правилно и хигиенско користење на приборот за јадење. Правилно седење на маса. |
| **Активност** | Со детето можете да ја пеете новогодишната песна „Ѕвончиња,ѕвончиња”. https://www.youtube.com/watch?v=UduJK_LY6xk<br>Поттикнете го детето преку прашање каков подарок би сакало да му донесе Дедо Мраз во новогодишната ноќ. Детето нека ги изрази своите желби,а потоа дадете му лист од блок и дрвени боички и нека го нацрта посакуваниот подарок од Дедо Мраз. Разгледајте го цртежот заедно и детето, нека ви даде објаснување за истиот.<br>Од бели хартиени чинии можете да обликувате Дедо Мраз. Тркалезна бела чинија се превиткува на половина и на неа се лепат очи,нос и уста. Се доукрасува со капа од црвен колаж (слика 1) и (слика 2).<br>Со детето можете и да обвиткате мали квадратни и топчести играчки со алуминиумска фолија и истите закачете ги на божиќниот венец или на Вашата елка (слика 3) и (слика 4). |